# Службен гласник
## на Општина Валандово


Број 4 04.05.2023, четврток


www.valandovo.gov.mk

**С О Д Р Ж И Н А**


**Градоначалник на општина Валандово:**

**Совет на Општина Валандово:**

**1.Решение** за објавување на Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година ……………………………………………………………3
**2.Одлука** за проширување на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година ………………………..3
**3.Решение** за објавување на Одлуката за продажба на движна ствар сопственост на Општина Валандово………3
**4.Одлука** за продажба на движна ствар сопственост на Општина Валандово ………………………………………..3
**5.Решение** за објавување на Одлуката за финансиска поддршка за покривање на трошоци на 30-тиот меѓународен фестивал пролетни веселби „ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ“ – Чалакли, Валандово ……...............................………4
**6.Одлука** за финансиска поддршка за покривање на трошоци на 30-тиот меѓународен фестивал пролетни веселби „ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ“ – Чалакли, Валандово ....4
**7.Решение** за објавување на Одлуката за пренесување на вршење на комуналните дејности водоснабдување и одведување на отпадните води во населеното место Удово, Општина Валандово на ЈП “Комунален сервис“ Валандово ……...........................……………………………..4
**8.Одлука** за пренесување на вршење на комуналните дејности водоснабдување и одведување на отпадните води во населеното место Удово, Општина Валандово на ЈП “Комунален сервис“ Валандово....................................4
**9.Решение** за објавување на Одлуката за поведување на постапка за ажурирање на Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Валандово од сите ризици и опасности ……...........................……………………………...5
**10.Одлука** за поведување на постапка за ажурирање на Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Валандово од сите ризици и опасности …….......................5
**11.Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на средства на ЈП ”Комунален Сервис” Валандово за набавка на дозир пумпа за натриум хипохлорид ……..6
**12.Одлука** за одобрување на средства на ЈП ”Комунален Сервис” Валандово за набавка на дозир пумпа за натриум хипохлорид……………………………………………………6
**13.Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Општинската организација на Сојузот на борците на Македонија 1941-45 година и граѓани продолжувачи Валандово ……………………………………………………6
**14.Одлука** за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Општинската организација на Сојузот на борците на Македонија 1941-45 година и граѓани продолжувачи Валандово.....................................6
**15.Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на Училишниот спортски клуб „Валандово“ за организација и реализација на “Мали олимписки игри” за основни училишта …………………….7
**16.Одлука** за одобрување на финансиска поддршка на Училишниот спортски клуб „Валандово“ за организација и реализација на “Мали олимписки игри” за основни училишта.............................................................................7
**17.Решение** за објавување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на населено место Пирава, Општина Валандово ……………………………………………………7
**18.Одлука** за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на населено место Пирава, Општина Валандово ………………………………7
**19.Решение** за објавување на Одлуката за одобрување финансиска поддршка по повод 6-ти мај Ѓурѓовден на

Здружение за подобрување на квалитетот на животот во МЗ Пирава ……………………………………………………8
**20.Одлука** за одобрување финансиска поддршка по повод 6-ти мај Ѓурѓовден на Здружение за подобрување на квалитетот на животот во МЗ Пирава …………………..8
**21.Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2023 година до 31.03.2023 година..................................................................................8
**22.Заклучок** за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2023 година до 31.03.2023 година...............................................8
**23.Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2022 година...9
**24.Заклучок** за усвојување на Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2022 година...........................................9
**25.Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Меѓуопштинскиот стратешки план за намалување на ризиците од катастрофи на Општините Валандово и Дојран 2023-2027 година.....................................................9
**26.Заклучок** за усвојување на Меѓуопштинскиот стратешки план за намалување на ризиците од катастрофи на Општините Валандово и Дојран 2023-2027 година..................................................................................9
**27.Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП "Комунален сервис" Валандово за период од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година..........................9
**28.Заклучок** за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП "Комунален сервис" Валандово за период од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година.................................................................................10
**29.Решение** за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година……………………10
**30.Програма** за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година…………………………………………………………..10

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.04.2023 година.

Бр.09-464/3 Градоначалник
02.05.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 33 став 2 и 3 во врска со член 34 од Законот за Буџетите („Службен весник на РМ“ бр.64/2005, 4/2008, 103/208, 156/2009, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на РСМ бр.151/21“), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.04.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за проширување на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши проширување на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година, на следниот начин:

| Потпрограма и назив на потпрограмата | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Потставка и опис на под. | Самофин. | Дотации | Донации | Кредити |

Се зголемуваат приходите на следните потставки:

N20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 742114 Приходи од Европска унија | | | | |
| | 0 | 0 | 60.000,00 | 0 |
| | 0 | 0 | 60.000,00 | 0 |

и се распоредуваат на следните расходни потставки

N20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 480140 Купување информатичка и видео опрема | | | | |
| | 0 | 0 | 60.000,00 | 0 |
| | 0 | 0 | 60.000,00 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“ и станува дел на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година.

Бр.08-38/3 Совет на Општина Валандово
28.04.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за продажба на движна ствар сопственост на Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Одлуката за продажба на движна ствар сопственост на Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.04.2023 година.

Бр.09-464/4 Градоначалник
02.05.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 3 став 2, член 42 став 1, член 46, 47, 48, 49 и 67 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.Весник на РМ“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и („Сл.Весник на РСМ“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), член 36 став 1 точка 10, во врска со член 66 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 32 и член 89 од Статутот на Општина Валандово, на предлог на Градоначалникот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и првата редовна седница одржана на ден 28.04.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за продажба на движна ствар сопственост на Општина Валандово**

**Член 1**

Да се изврши продажба на движна ствар сопственост на Општина Валандово и тоа:

| Опис | Тип | Единечна цена (ЕУР) | Амортизација | Актуелан цена (ЕУР) | **Проценета вредност МКД (1Еур =61,5 во МКД по парче** |
|---|---|---|---|---|---|
| Улична светилка | LU/HO/T 70W “GE” | 5.32 | 10% | 4.788 | **294,00** |
| Улична светилка | LU/HO/T 150 W “GE” | 7.37 | 10% | 6.633 | **408,00** |

**Член 2**

Продажбата на движните ствари од член 1 од оваа Одлука ќе се изврши согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, со проценета вредност, согласно Извештајот за процена на движен

имот од Трговец поединец за вештачење и процена д-р Анастас Ѓорѓи Џуровски ТП Ресен бр.01-64 од 14.04.2023 година.

**Член 3**

Почетната цена за електронското јавно надавање преставува проценетата пазарна вредност назначена во табелите од член 1 на оваа Одлука.

**Член 4**

Постапката за продажба на предметниот движен имот ќе ја спроведе Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, формирана со Решение на Градоначалникот на Општина Валандово број 09-977/1 од 25.10.2022 година во својство на Комисија за располагање со недвижни и движни ствари на Општина Валандово.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“ .

Бр.08-38/4 Совет на Општина Валандово
28.04.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за финансиска поддршка за покривање на трошоци на 30-тиот меѓународен фестивал пролетни веселби „ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ“ – Чалакли, Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Одлука за финансиска поддршка за покривање на трошоци на 30-тиот меѓународен фестивал пролетни веселби „ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ“ – Чалакли, Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.04.2023 година

Бр.09-464/5 Градоначалник
02.05.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и првата редовна седница одржана на ден 28.04.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за финансиска поддршка за покривање на трошоци на 30-тиот меѓународен фестивал пролетни веселби „ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ“ – Чалакли, Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во износ од 220.000,00 денари, финансиска поддршка на организаторот на Меѓународниот фестивал пролетни веселби „ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ“ – Чалакли, Валандово за покривање на трошоците на 30-тиот меѓународен фестивал пролетни веселби „ХИД БАХ ШЕН ФЕСТ“ – Чалакли, Валандово.

**Член 2**

Исплатата на средствата да се изврши од програма К4 - културни манифестации и творештво, подставка 464990 - други трансфери, на сметка на барателот.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-38/5 Совет на Општина Валандово
28.04.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за пренесување на вршење на комуналните дејности водоснабдување и одведување на отпадните води во населеното место Удово, Општина Валандово на ЈП “Комунален сервис“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Одлука за пренесување на вршење на комуналните дејности водоснабдување и одведување на отпадните води во населеното место Удово, Општина Валандово на ЈП “Комунален сервис“ Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.04.2023 година.

Бр.09-464/6 Градоначалник
02.05.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96, 6/2002,40/2003,49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), член 32 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Службен весник на

РМ“ бр.68/2004, 28/2006, 103/2008, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 21/21), член 2, член 5, член 8 и член 9 став 2 од Законот за комуналните дејности (95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.302/20), член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 8 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 15 став 1 точка 4, член 21 став 1 точка 30 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.04.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за пренесување на вршење на комуналните дејности водоснабдување и одведување на отпадните води во населеното место Удово, Општина Валандово на ЈП "Комунален сервис" Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука, се пренесува вршење на комуналните дејности водоснабдување и одведување на отпадните води во населеното место Удово, Општина Валандово на ЈП "Комунален сервис" Валандово.

**Член 2**

Пренесување на комуналните дејности подразбира отстапување на управувањето со системот за снабдување со вода за пиење и отстапување на управувањето со системот за прифаќање и одведување на отпадните води во населеното место Удово, Општина Валандово.

**Член 3**

Со вршењето на комуналните дејности од член 1 на оваа Одлука, ЈП „Комунален сервис“ Валандово ќе отпочне од 01.05.2023 година.

**Член 4**

За пренесувањето на комуналните дејности опишани во оваа Одлука, жителите на месната заедница Удово ќе бидат информирани на собир со граѓаните.

**Член 5**

За отстапување на комуналните дејности ќе се формира комисија составена од претставници на Месната заедница, ЈП „Комунален сервис“ и општината.

Комисијата ќе ја формира Градоначалникот на Општина Валандово.

**Член 6**

За отстапувањето на комуналните дејности на ЈП „Комунален сервис“ Валандово ќе се состави записник.

**Член 7**

Со преземањето на вршењето на комуналните дејности, ЈП „Комунален Сервис“ Валандово ќе ги превземе и обврските и побарувањата кои ги има месната заедница по овие основи, како и лицата кои ги вршат овие дејности.

**Член 8**

Доколку со пребивањето на обврските и побарувањата, остане неизмирен долг, потребните средства ќе бидат обезбедени преку Буџетот на општината и ќе бидат трансферирани на ЈП „Комунален Сервис“ Валандово.

**Член 9**

ЈП „Комунален Сервис“ Валандово е должно за вршењето на комуналните работи од јавен интерес, да утврди цени на чинење.

**Член 10**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-38/6 | Совет на Општина Валандово |
| 28.04.2023 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за поведување на постапка за ажурирање на Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Валандово од сите ризици и опасности**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Одлука за поведување на постапка за ажурирање на Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Валандово од сите ризици и опасности, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.04.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-464/9 | Градоначалник |
| 02.05.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 5 од Законот за управување со кризи ("Службен весник на РМ" бр.29/2005, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и "Службен весник на РСМ" бр.215/21), член 14 став 1 од Уредбата за методологијата за изработка на процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената ("Службен весник на РМ" бр.13/11), член 22 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 15 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.04.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за поведување на постапка за ажурирање на Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Валандово од сите ризици и опасности**

**Член 1**

Со оваа Одлука се поведува постапка за редовно ажурирање на Процената на загрозеноста на

подрачјето на Општина Валандово од сите ризици и опасности, усвоена на седница на Советот на Општина Валандово, одржана на ден 27.02.2014 година, со Заклучок бр.07-29/2.

**Член 2**

Активностите за редовно ажурирање на Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Валандово од сите ризици и опасности ќе бидат координирани од страна на ПО-Регионален центар за управување со кризи Валандово.

**Член 3**

Ова Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-38/9 Совет на Општина Валандово
28.04.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на средства на ЈП ”Комунален Сервис” Валандово за набавка на дозир пумпа за натриум хипохлорид**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Одлуката за одобрување на средства на ЈП ”Комунален Сервис” Валандово за набавка на дозир пумпа за натриум хипохлорид, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.04.2023 година.

Бр.09-464/12 Градоначалник
02.05.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово Советот на Општина Валандово на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.04.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување средства на ЈП ”Комунален Сервис” Валандово за набавка на дозир пумпа за натриум хипохлорид**

**Член 1**

Со оваа Одлука, од Буџетот на Општина Валандово на Јавното претпријатије ”Комунален Сервис” Валандово се одобруваат средства во износ од 200.000,00 денари, за набавка на дозир пумпа за натриум хипохлорид со сите нејзини делови.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Валандово програма Ј8 – Други комунални услуги, ставка 424 – поправка и тековно одржување, на сметка на Јавното претпријатие ”Комунален Сервис” Валандово.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-38/12 Совет на Општина Валандово
28.04.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Општинската организација на Сојузот на борците на Македонија 1941-45 година и граѓани продолжувачи Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмски активности на Општинската организација на Сојузот на борците на Македонија 1941-45 година и граѓани продолжувачи Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.04.2023 година.

Бр.09-464/13 Градоначалник
02.05.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.04.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување средства за реализација на програмски активности на Општинската организација на Сојузот на борците на Македонија 1941- 45 година и граѓани продолжувачи Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во износ од 15.000,00 денари на Општинската организација на Сојузот на борците на Македонија 1941-45 година и граѓани продолжувачи Валандово, за реализација на програмски активности.

**Член 2**

Исплатата на средствата да се изврши од програма АО-Совет на општина, подставка 463190 – останати трансфери до невладини организации, на Општинската организација на Сојузот на борците на

Македонија 1941-45 година и граѓани продолжувачи Валандово со ЕДБ 4003995101622 и трансакциска сметка бр.200000001354403 депонент Стопанска Банка АД Скопје.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се користени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-38/13 Совет на Општина Валандово
28.04.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на Училишниот спортски клуб „Валандово“ за организација и реализација на “Мали олимписки игри” за основни училишта**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Одлука за одобрување на финансиска поддршка на Училишниот спортски клуб „Валандово“ за организација и реализација на “Мали олимписки игри” за основни училишта, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.04.2023 година.

Бр.09-464/14 Градоначалник
02.05.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.04.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиска поддршка на Училишен спортски клуб „Валандово“ за организација и реализација на “Мали олимписки игри” за основни училишта**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во износ од 100.000,00 денари на Училишниот спортски клуб „Валандово“, како финансиска поддршка за организација и реализација на “Мали олимписки игри” за основни училишта, кои ќе се оддржат на 18 и 19.05.2023 година во општините Валандово, Богданци и Дојран.

**Член 2**

Исплатата на средствата да се изврши од програма АО-Совет на општина, подставка 463120 трансфери до спортски клубови, на Училишниот спортски клуб „Валандово“ со ЕДБ 4003011501587 и трансакциска сметка бр.240220002219572 депонент УНИ Банка АД Скопје.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-38/14 Совет на Општина Валандово
28.04.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на населено место Пирава, Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на населено место Пирава, Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.04.2023 година.

Бр.09-464/15 Градоначалник
02.05.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на РМ“ бр. 62/2004, 89/2008, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 31/20), член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.04.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на населено место Пирава, Општина Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Валандово, по повод патрониот празник 6-ти Мај Ѓурѓовден, на 05.05.2023 година (петок) и 06.05.2023 година (сабота), **ГО ПРОДОЛЖУВА** работното време на угостителските објекти на подрачјето на населеното место Пирава, Општина Валандово, за два часа.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-38/15 | Совет на Општина Валандово |
| 28.04.2023 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување финансиска поддршка по повод 6-ти мај Ѓурѓовден на Здружение за подобрување на квалитетот на животот во МЗ Пирава**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Одлуката за одобрување финансиска поддршка по повод 6-ти мај Ѓурѓовден на Здружение за подобрување на квалитетот на животот во МЗ Пирава , што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.04.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-464/16 | Градоначалник |
| 02.05.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и првата редовна седница одржана на ден 28.04.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување финансиска поддршка по повод 6-ти мај Ѓурѓовден на Здружение за подобрување на квалитетот на животот во МЗ Пирава**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во износ од 60.000,00 денари, финансиска поддршка на Здружението за подобрување на квалитетот на животот во МЕСНА ЗАЕДНИЦА ПИРАВА, с.Пирава, Валандово за реализирање на културен настан по повод 6-ти мај – Ѓурѓовден.

**Член 2**

Исплатата на средствата да се изврши од програма К4 - културни манифестации и творештво, подставка 464990 - други трансфери, на сметка на Здружението за подобрување на квалитетот на животот во МЕСНА ЗАЕДНИЦА ПИРАВА, с.Пирава, Валандово со ЕДБ 4003017503131.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-38/16 | Совет на Општина Валандово |
| 28.04.2023 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Квартралниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2023 година до 31.03.2023 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Квартални извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2023 година до 31.03.2023 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.04.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-464/2 | Градоначалник |
| 02.05.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.04.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Квартални извештај за извршување на Буџетот на општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 1 од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 1 од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година, на вкупно остварени приходи од 60.978.294,00 денари, односно 22,00 % од планираните приходи и на извршени расходи од 52.925.598,00 денари, односно 19,10 % од планираните расходи.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-38/2 Совет на Општина Валандово
28.04.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2022 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2022 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.04.2023 година.

Бр.09-464/8 Градоначалник
02.05.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 65 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ“ бр.24 /21 и 174/21), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.03.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2022 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2022 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-38/8 Совет на Општина Валандово
28.04.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Меѓуопштинскиот стратешки план за намалување на ризиците од катастрофи на Општините Валандово и Дојран 2023-2027 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Меѓуопштинскиот стратешки план за намалување на ризиците од катастрофи на Општините Валандово и Дојран 2023-2027 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.04.2023 година.

Бр.09-464/10 Градоначалник
02.05.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 2 став 1 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РСМ“ бр.79/09), член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.03.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Меѓуопштински стратешки план за намалување на ризиците од катастрофи на Општина Валандово и Општина Дојран 2023-2027 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Меѓуопштинскиот стратешки план за намалување на ризиците од катастрофи на Општина Валандово и Општина Дојран 2023-2027 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-38/10 Совет на Општина Валандово
28.04.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП “Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП "Комунален сервис" Валандово за период од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.04.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-464/11 | Градоначалник |
| 02.05.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр.38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ"бр.275/19, 89/22 и 274/22), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.04.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Финансискиот извештај за работењето наЈП „Комунален сервис" Валандово за периодот од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година**

1. **СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Финансискиот извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис" Валандово за периодот од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година, кој Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис" Валандово го има усвоено со Одлука бр.02-384/3 од 24.04.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-38/11 | Совет на Општина Валандово |
| 28.04.2023 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.04.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-464/7 | Градоначалник |
| 02.05.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 40 став 1 во врска со член 39 став 5 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр. 32/20"), член 22, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002"), член 15, став 1, точка 1 и член 45 од Статутот на Општина Валандово и точка Г од Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година („Сл.гласник на Општина Валандово бр.12/22 и бр.3/23), Советот на Општина Валандово на дваесет и првата редовна седница, одржана на ден 28.04.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година**

**Член 1**

Во Програмата за урбанистичко планирање на Општина Валандово за 2023 година, по точка Г се додава нова подточка Г3 , која гласи:

„Г3: Се започнува постапка за донесување на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за објекти со намена Г 2.2 – Лесна и незагадувачка индустрија и производство на храна, млечни производи, кондиторски производи, безалхохолни пијалоци, вода, преработка на градинарски производи и овошје, тутун и други на КП 502/3 и делови од КП 501/1, КП 502/1, КП 503/1 и КП 505, КО Раброво, Општина Валандово со површина од 1,4ха, согласно Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" 32/2020)," по иницијатива поднесена од Друштво за производство трговија и услуги ДИМ-КОМЕРЦ дооел Валандово, увоз-извоз.

Финансирањето на изработката на урбанистичкиот проект со сите потребни пропратни елаборати и дозволи паѓаат на товар на подносителот на иницијативата за изработка на урбанистичкиот проект".

**Член 2**

Програмата влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-38/7 | Совет на Општина Валандово |
| 28.04.2023 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |